# Дигитализацијата на државата – недостижна трансформација за Македонија?



Краток сублимат на извештајот од Европската комисија за напредокот на Македонија кон патот за полноправно членство во Европската Унија

Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје и оваа година го следи и анализира европскиот извештај за напредокот на Македонија кон полноправното членство во Европската Унија, во поглед на поглавјето 10 за дигиталната трансформација (порано познато како информатичко општество) и медиумите, како и во делот на слободата на изразување во делот на фундаменталните права и слободи.

ИНРЕКОМ смета дека заклучоците на овогодинешниот Извештај[1] на Европската комисија за напредокот на Република Македонија се подобри во однос на минатогодишниот извештај. Некои од старите нереализирани препораки остануваат но и надополнети со нови.

И годинешната оценка за подготвеноста останува 3 - умерено напреднато, како и  двојка во поглед на ограничениот напредок во целокупното поглавје. Ограничениот напредок се однесува на малото зголемување во достапноста на електронски услуги за граѓаните и правните лица, како и за усвојувањето на правилниците за намалување на одредени давачки при распоредување на мрежната инфраструктура. Со ова се испраќа јасна порака до новата Влада и новото парламентарно мнозинство дека е потребно да ги спроведат наведените препораки во извештајот од Европската Комисија.

Иако препораките од минатата година се делумно спроведени, во голем дел остануваат исти, односно:

- да се донесат двете долгорочни стратегии: едната за ИКТ (Информатичко Комуникациските Технологии), а втората за сајбер безбедноста;
- македонското законодавство да се усогласи со Европскиот кодекс за електронски комуникации;
- да се транспонира Европската директива за намалување на трошоците за широкопојасен интернет;
- да се усогласи регулативата со европските директиви за безбедност на мрежни и информациски системи познати како NIS 1 и NIS 2; и
- забрза донесувањето на упатството за 5Г сајбер безбедност.

Како и во минатите извештаи, ЕК останува на забелешката дека Македонија допрва треба да се усогласи со Директивата на ЕУ за намалување на трошоците за широкопојасен интернет и покрај пофалбата кон Агенциајта за електронски комуникации за донесување на правилникот, со кој се хармонизира со ЕУ директивата за намалување на трошоците за распоредување на брзи електронски комуникациски мрежи.

Една од сериозните забелешките во делот на дигитализацијата и доброто управување е и малиот број на јавно достапни информации на интернет страниците на државните институции, како и неажурирањето на информациите на владиниот сајт.

[1] North Macedonia Report 2024 - European Commission

www.inrekom.org.mk
contact@inrekom.org.mk

Испораката на електронски услуги кон граѓаните и правните лица, според ЕК, треба дополнително да се подобрува, односно националниот портал за е-услуги треба да биде дополнително надградуван, а најчесто бараните услуги да бидат достапни онлајн. Комисијата критикува што долгоочекуваните над 130 услуги сè уште не се достапни, како и за нискиот број на месечни користења на услугите на порталот.

Европската комисија особено потенцира дека македонското законодавство треба да се усогласи со ревидираната европска рамка за интероперабилност од 2017 година и со европскиот Закон за интероперабилна Европа од 2022 година. Поврзувањето помеѓу македонските институции останува проблематична област која се провлекува низ извештаите, бидејќи само неколку институции го користат порталот, иако бројот на трансакции се зголемува.

Исто така, иако македонското законодавство е хармонизирано со eIDAS регулативата, истото треба дополнително да се усогласи со новите измени од 2024 година со цел воведување на нова рамка за дигитален идентитет и правила за национален дигитален паричник.

Регулативата за дигитален потпис и електронска идентификација е обемна и не го постигнува посакуваниот ефект, а дополнително што сертификатите за е-потпис не се бесплатни за граѓаните. ЕУ бара да се ревидира и поедностави процедурата за да се доближат сертификатите бесплатно до граѓаните.

Македонија исто така треба да ја имплементира и европската директива за е-приватност. Во однос на сајбер криминалот, Македонија не забележува напредок кон ратификација на Вториот дополнителен протокол од конвенцијата во Будимпешта. Исто така, повторно се забележува на проблемот со просторното прашање за Оперативно-техничката агенција, која е сместена во објект на еден од двата мрежни мобилни оператори, агенција чија задача е да посредува помеѓу операторите и истражните органи.

Европската комисија особено забележува дека и покрај постоењето на Управата за електронско здравство и апликацијата за е-здравје, упатите и другите документи се` уште се издаваат на хартиен начин, а самата платформа односно апликација не е интероперабилна со податоците на ФЗОМ.

Во извештајот, ЕУ исто така бара да се зајакнат капацитетите на службата за единствениот број за итни случаи 112, односно да се подобри комуникацијата помеѓу полицијата, итната медицинска помош и противпожарните бригади.

Република Македонија, исто така, е критикувана и во областа на интелектуална сопственост, односно е оценета како умерено подготвена, но без постигнат напредок. Како и минатата година, така и оваа година, препораките се исти:

- македонското законодавство да се усогласи особено со Директивата за онлајн пренос на радиодифузните организации и реемитувањето на телевизиските и радио програми, попознато како SatCab II директивата;
- да се усвои Директивата за авторско право и сродни права на единствениот дигитален пазар (DSM); и
- Властите да обезбедат напори за да се донесе законот за дигитални услуги.

Според ЕУ, дигитализацијата на економијата во Македонија споро напредува. Според извештајот, домаќинствата и фирмите имаат постепен напредок кон пристапот до интернет, додека помалите компании и граѓаните и фирмите лоцирани во руралните средини се` уште се соочуваат со пречки. За ЕУ, дигиталните вештини на населението треба да се надградуваат преку воспоставување на национална рамка за учениците и наставниците, зголемување на ИТ алатките во основните и средни училишта, како и подобрување на интернет пристапот до руралните средини.

Во однос на платежниот сектор, ЕУ забележува подобрување преку донесувањето на Законот за платежни услуги и платежни системи, со што се усогласува македонското законодавство со директивите за платежни услуги 2 и за е-валути 2 и регулативата за размена на провизии. Како пофалба ги нотира и подготовките за воведување на дигитален денар.

Спроведувањето на реформите во Македонската Радио Телевизија остануваат високо критикувани, особено за неуспешните обиди за именување на нови членови на Програмскиот Совет на МРТ . Со последните измени и дополнувања за законот за АВМУ, Владата ги изгуби своите дискрециони овластувања за доделување на средства на МРТ и АВМУ, но и понатаму не е постигнат законски пропишаниот трансфер на финансирање на двата субјекта, со што се загрозува финансиската независност на Македонската радио телевизија. Европската комисија повторно упатува на потребата од поголема модернизација и независност на јавното радиодифузно претпријатие со цел поголема конкуренција на медиумскиот пазар.

Во однос на медиумската концентрација и сопственииштвото, ЕУ смета дека остануваат одредени предизвици, особено кај онлајн медиумите. Исто така се укажува дека и покрај продолжувањето на државното финансирање на политичките кампањи, недостатокот на транспарентност продолжува. Според ЕУ, враќањето на владиното рекламирање на медиумите преку кампањи, го зголемува ризикот од потенцијална злоупотреба и загрозување на независноста на медиумите и нарушување на пазарот.

Говорот на омраза и лажните вести продолжуваат да бидат во пораст, особено нотирани кај онлајн медиумите. Во однос на хибридните закани пред се` преку лажни вести, ЕУ укажува дека е потребно да се вложат дополнителни напори кон градење на општествена отпорност.

Во делот за регулаторните тела, Европската комисија критикува и за неуспешниот обид за именување на нови членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но и го нотира разрешувањето на сите членови на Комисијата на АЕК.

Останува препораката и за зајакнување на независноста на регулаторните тела и нивниот човечки и финансиски капацитет. Како забелешка, АВМУ треба да го засили кадровскиот капацитет во однос на надзорот и регистрирањето на платформите за споделување видеа и т.н. инфлуенсери.

Македонија во однос на слободата на изразување и новинарските права, е помеѓу одредено ниво на подготвеност и умерено ниво на подготвеност, а има и ограничен напредок во однос на оваа област.

Препораките на ЕК како и минатите години остануваат исти, а тоа се: да се ревидира правната рамка за медиумите со цел усогласување со ЕУ регулативата и европските стандарди, со цел воведување правила за целосна транспарентност на сопственишттвото и рекламирањето во медиумите, прашањата за конкуренцијата и за државната помош, а особено правата од интелектуална сопственост согласно правилата на единствениот пазар на ЕУ. ЕК бара регулативата за медиуми да биде целосно усогласена со Европскиот закон за слобода на медиумите.

Комисијата ја охрабрува македонската Влада да продолжи и да вложува поголеми напори кон заштита на новинарите од закани и насилство кон медиумските работници, со што би обезбедила поголема правда со цел сторителите на актите да бидат изведени пред лицето на правдата. ЕУ нотира дека во обвинителството има специјално назначен обвинител за следење на насилството врз новинарите, а инцидентите за сајбер-малтретирање новинарите може да го пријават и во одделот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи.

Сумирано, од целокупниот извештај, новото мнозинство во Собранието и македонската Влада треба да усвојат низа европски правила со кои ќе се забрза патот кон членство во европското семејство. Дополнително, Владата ќе мора да вложи напори кон поголема дигитализација на институциите и нивна поврзаност, но и поголеми реформи во медиумската сфера. Ако во минатото имало формално донесување на акти, а немало суштинско усогласување или спроведување, овој Извештај јасно дава до знаење како да се спроведат суштински реформи во пракса.

Ноември 2024 година

Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје